# **П Р О Г Р А М А**
## **за работа на Комората на вештаци**
## **за 2025 година**

## Вовед

Планираните активности на Комората во 2025 година се детерминирани од околноста дека речиси осум години постоеше дисконтинуитет во нејзината работа, како и од потребата да се реализираат новите надлежности на Комората согласно решенијата утврдени во Законот за вештачење од 2023 година. Истовремено, главната цел на Програмата за работа во 2025 година се состои во следново: планираните активности, секоја за себе, како и во својата севкупност да резултираат со заштита на интересите на сите вештаци, подигање на квалитетот на нивната работа, нивната професионалност и степенот на одговорност во извршувањето на дејноста вештачење.

**Активности**

1. Приоритет за 2025 година ќе биде **подготовка и усвојување на правните акти** чие донесување е законска надлежност на Комората и кои се неопходни за нејзиното непречено функционирање (Кодекс на етика на вештаците, Тарифник за пресметување на награда и надоместок за вештачење, Програма за континуирана обука на вештаци, Програма за обука на кандидати за вештаци, Правила за системот на оценување на испитот за вештак и др).

2. Тесно поврзана со оваа активност е **изработката на наставни програми и материјали за почетна обука на кандидатите за вештаци**, како и **подготовката на база на практични примери (студии на случај) од страна на секое професионално одделение** кои ќе бидат користени за спроведување на посебниот дел од испитот за вештаци од страна на Комисијата за спроведување на испитот за вештаци која треба да се формира од страна на Министерството за правда.

3. Клучно прашање за ефикасно и објективно вештачење е правичното утврдување на цената на труд на вештаците надоместена преку цената на експертските услуги кои тие ги пружаат за потребите на судските и управните постапки. Во таа насока, во 2024 година сите професионални одделенија беа задолжени да направат анализа на реалните трошоци и цената на интелектуалниот труд вложен за подготовка на наод и мислење за секоја област одделно, имајќи ги предвид обемот и сложеноста на предметот, времетраењето на вештачењето, итноста на постапката и слично. Професионалните одделенија во Комората континуирано ќе работат на подготовка на критериуми за утврдување на вредноста на услугите од вештачењето како дејност. Врз основа на предлозите на секое професионално одделение, на почетокот од 2025 година планирани се **подготовка и усвојување на Тарифник за награди и надоместоци**, по претходно добиено мислење на министерот за правда.

4. Во текот на 2025 година, органите на Комората ќе ги вложат сите напори за **обезбедување на пристојни работни простории** чија големина, опременост и местоположба ќе зависат од расположливите финансиски средства на Комората. Имајќи го предвид фактот дека главниот извор на средства е годишната членарина на вештаците, а кој со оглед на сите претстојни трошоци кои треба да овозможат функционалност на штотуку основаната Комора нема да бидат доволни, неопходна ќе биде и помош од страна на донатори во поглед на опремувањето на просторот со канцелариски мебел и компјутерска опрема.

5. Следна многу важна активност планирана за почетокот на 2025 година е **креирање на веб страница на Комората на вештаци** со бројни содржини и статистички податоци кои ќе ги задоволат потребите како на државните институции (Министерството за правда, судовите во државата, јавното обвинителство, органите на државната управа и слично), така и поширокиот интерес на граѓаните. Таа треба да има улога на „лична карта" на Комората. На веб страницата на Комората ќе бидат објавени ажурирани регистри на вештаци по професионални области и правни лица овластени за вештачење, статистички податоци за трендот на движење на бројот на вештаци на годишно ниво, примери на прашања од посебниот (практичен) дел на испитот за вештаци, годишниот распоред на почетна обука, како и на семинарите за континуирани обуки на вештаците, сите релевантни правни акти од областа на вештачењето, соопштенија за јавност на Комората и други институции од значење за работата на Комората, меморандуми за соработка со институции и други комори, здруженија на граѓани и научни установи, распоред на испити за вештаци, членови на работни тела и комисии на Комората и Министерството за правда поврзани со работата на Комората или вештачењето како дејност, известувања за важни настани од областите за кои се формирани професионалните одделенија, јавните настапи и изјави на членовите на Комората, соопштенија за јавност на Комората и слично. Истовремено, планирано е креирање на профил на Комората на вештаци и на социјалните мрежи заради нејзино претставување во јавноста на поголем број корисници на услуги.

6. Во текот на 2025 година ќе биде продолжен ангажманот на адвокатска и сметководствена канцеларија за непречено функционирање на Комората и извршување на нејзините законски надлежности, но истовремено ќе бидат вложени и напори за постојано **вработување на стручна служба** од најмалку двајца вработени, со тенденција бројот на вработувања во наредните години да се зголеми согласно активностите и потребите на Комората и бројот на нејзини членови.

7. Комората за вештаци има обврска, а секако и потреба во текот на своето работење да остварува тесна **соработка со Министерството за правда** како во поглед на донесувањето на дел од правните акти поврзани со нејзиното функционирање, така и во поглед на водењето и ажурирањето на регистрите на вештаци и правни лица кои вршат вештачење, понатаму во поглед на подготовката и спроведувањето на испитите за вештаци и конечно при утврдувањето членови на дисциплинската

комисија, спроведувањето на дисциплинските постапки и изрекувањето дисциплински мерки. Затоа, во текот на 2025 година планирани се редовни средби и работни состаноци со министерот за правда и службени лица од Министерството кои извршуваат работни обврски поврзани со регулирањето на дејноста вештачење.

8. Во рамките на прашањата од соработката помеѓу Комората на вештаци и Министерството за правда, неминовно се отвора потребата од заедничко **работење на идни измени и дополнувања на Законот за вештачење.** Имено Комората уште на самиот почеток на своето основање и регистрирање има забележано одредени потешкотии во примената на одделни законски одредби. Оттука, во првиот квартал од 2025 година, планирана активност е формирање на работна група од претставници на Комората која врз основа на темелна анализа на применливоста на одредбите од Законот за вештачење ќе ги издвои воочените законски недоречености и правни празнини и истите ќе ги дебатира со претставници на Министерството за правда, универзитетски професори, судии, јавни обвинители и адвокати на стручни расправи организирани од Комората, а со цел на Министерството за правда да му се понудат предлози со конкретни законски решенија во насока на подобрување на постојниот законски текст.

9. За втората половина од годината, се планираат повеќе работилници, семинари и работни средби на кои експерти од различни области ќе имаат свои излагања на актуелни теми поврзани со вештачењето како дејност, како и на специфични теми важни за вештаците од оние професионални одделенија во рамките на кои е усвоена нова регулатива или за прашања за кои самите вештаци ќе пројават дополнителен интерес за стручно усовршување. На тој начин ќе се реализира законската обврска за **континуирана обука за секој член на Комората**, што ќе биде регулирано со посебна Програма за континуирана обука на вештаците со коа ќе се уредат начинот и формите на континуирано стручно усовршување, профилот на обучувачи по различни области, бодирањето на облиците на стручно усовршување и др. Сите одделенија ќе бидат задолжени да донесат свој годишен план за континуирано стручно усовршување, во кој секое одделение ќе предвиди минимален број на семинари што треба да ги организира во текот на годината.

10. Покрај наведените планирани активности кои се неопходни за реализирање на законските надлежности на Комората на вештаци, органите на Комората, како и професионалните одделенија континуирано ќе работат во текот на целата 2025 година во правец на подигање на видливоста на Комората и нејзината работа со цел да се привлечат поголем број експерти во пројавувањето интерес да станат нејзини членови и на тој начин да се зајакне професионалноста во вршењето на дејноста вештачење.

11. И други активности непредвидени со оваа Програма, кои ќе произлезат од работата на Комората.

Декември 2024

Претседател на Комората на вештаци
Проф. д-р Виктор Камчар